(Образец ПП......)
**До: Институт на овластени ревизори на Република Македонија**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

**Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Н / П**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Годишна програма за контрола над членовите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за годината што завршила на 31.12.2013 година, со планот за контрола, и издадената Согласност на истата од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија; и

2. Годишна програма за контрола над членовите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за годината што завршила на 31.12.2014 година, со планот за контрола, и издадената Согласност на истата од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

На веб страната на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија достапна е само Годишната програма за контрола на квалитетот над неговите членови за годината што завршила на 31.12.2019 година. Правото на пристап до погоренаведените побарани подзаконски акти не смее да биде ограничено или на било кој друг начин оневозможено од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Тие треба да бидат достапни на неограничено располагање на јавноста преку објава на неговата веб страна www.iorrm.org.mk, по добиената согласност од Советот за унапредување и надзор на рвизијата на Република Северна Македонија, и не смеат да бидат уништени.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ___________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___________________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

**Во Скопје, 24.04.2020 година.** ___________________________

Република Македонија
бр. 0302-157/01
28.07. 2020 год.
Скопје

Врз основа на член 19 од Законот за ревизија, член 5, член 25 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) и член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2019), а согласно член 110 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015) постапувајќи по Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-147 од 06.07.2020 година, во врска со барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од подносител [redacted] Управниот одбор на Институтот на овластени ревизори на Република македонија (во натамошниот текст ИОРРМ), на седницата одржана 28.07.2020 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**За делумно прифаќање на барање за пристап до информации од јавен карактер**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со архивски број 0302-159/01 од 24.04.2020 година од подносител [redacted] **ДЕЛУМНО се прифаќа** во врска со следните информации:

I. Во врска со точка 1. од поднесеното Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со архивски број 0302-159/01 од 24.04.2020 година, Ве информираме дека бараната информација ,,Годишна програма за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за годината што завршила на 31.12.2013 година, и издадената согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст СУНРРСМ),, не постои, односно не била произведена од имателот на информацијата. Ве известуваме дека ИОРРМ нема донесено акт како што е опишан во барањето за наведениот период, со оглед на тоа што обврската за изготвување Годишна програма за контрола на квалитет произлезе од Законот за измени и дополнувања на Законот за ревизија (Службен весник број 138/2014 година). Следствено на тоа не може да постои ниту информација за издадена согласност на горенаведениот акт од страна на СУНРРСМ бидејќи таква обврска не постоела со тогашниот важечки пропис.

II. Во врска со втората барана информација наведена во точка 2 од барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со архивски број 0302-159/01 од 24.04.2020 година, Ве информираме дека бараната информација ,,Годишна програма за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за годината што завршила на 31.12.2014 година, и издадената согласност од СУНРРСМ,, не постои, односно не била произведена од имателот на информацијата. Ве известуваме дека ИОРРМ нема донесено акт како што е опишан во барањето за наведениот период, со оглед на тоа што обврската за изготвување Годишна програма за контрола на квалитет произлезе од Законот за измени и дополнувања на Законот за ревизија (Службен весник број 138/2014 година) и не била во важност за бараниот период. Следствено на тоа не може да постои ниту информација за издадена согласност на горенаведениот акт од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

III. Барањето за информации соджрани во двете точки од од барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со архивски број 0302-159/01 од 24.04.2020 година, кои се однесуваат на ,,Планот контрола за 2013 и 2014 година,, **СЕ ОДБИВА.**

**Образложение**

Управниот одбор на ИОРРМ, на седницата одржана на 28.07.2020 година, го разгледа барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од подносител [redacted]а постапувајќи по Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен [redacted] до информации од јавен карактер бр.08-147 од 06.07.2020 година ги констатираше фактите во врска со барањето и согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2019), му одговори на барателот како во диспозитивот на ова решение под точка I и II.

Имено, ИОРРМ нема донесено акти какви што се барани и опишани во точка I и II од ова решение за наведениот период, со оглед на тоа што обврската за изготвување Годишна програма за контрола на квалитет произлезе од Законот за измени и дополнувања на Законот за ревизија (Службен весник број 138/2014 година) и не била во примена во бараниот период. Бараните информации не се произведени ниту за периодот опишан како „за годината што завршила на 31.12.2013 година„ бидејќи таква обврска солгасно позитивната регулатива не постоела. Исто така не би можела да постои согласност од страна на регулаторот СУНРРСМ за акти кои не биле донесени за бараниот период.

Во врска со точка III од ова решение за барана информација „ План на контрола за 2013 и 2014 година „ , постапувајќи согласно член 6 и член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2019), и член 5 од Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и на овластени ревизори – трговци поединци од 27.12.2018 година (во натамошниот текст Правилникот), во ИОРРМ постои квалификација на доверливост на документи. Според одредбите на член 5 од Правилникот, а во врска со упатувањето кое го дава односниот член на членовите 9 став (5) и член 15 од истиот Правилник „ Документацијата која е посочена во член членовите 9 став (5) и член 15 се квалификува за доверлива и може да биде достапна само за оние лица кои имаат обврска за доверливост во согласност со точка 4) на овој став. Точка 4) гласи: Покрај овластениот ревизор кој врши контрола на квалитетот, согласно Соопштението на IFAC (Меѓународна федерација на сметководители) за обврски за членство, професионална доверливост треба да постои кај: а) сите лица кои работат или работеле за телото членка на IFAC, регулаторот, Советот за јавен надзор или други надлежни институции одговорни за администрирање и надгледување на системот за контрола на квалитет и б) сите лица инволвирани во соодветниот систем за надзор. Во член 5 став (1), точка 5) се вели: „ Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги пропишува форма и содржина на изјава за доверливост и истата ја потпишуваат лицата со обврска за доверливост според точка 4) на овој став кои доаѓаат до информации поврзани со активностите на контролата на квалитетот, освен доколку таквите информации се јавно достапни или достапни по сила на закон. Овластените ревизори кои ја вршат контролата на квалитетот ќе се грижат за редовност во потпишување на такви изјави секоја година.

Следствено на тоа бараната информација е квалификувана како доверлива, не е јавно доста затоа што е од посебно значење за зачувување и заштита на процесот на контрола на квалитет и сите вработени во ИОРРМ следствено на тоа имаат потпишано изјави за доверливост кои ги прават бараните информации содржани во точка III од решението, недостапни за јавноста и не е допуштено да располагаат со истите.

Управниот одбор постапувајќи согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/2019) по спроведениот тест за штетност констатираше дека јавниот интерес да се заштити оваа информација е поголем, отколку таа да се објави бидејќи постои ризик да настанат негативни импликации кон слободата на пазарот и претприемништвото, вредности кои освен ИОРРМ ги штити и Уставот на Република Северна Македонија.

Исто така водејќи сметка за барањата за доверливост одредени во актите на ИОРРМ за документацијата со која располага ИОРРМ, особено земајќи го предвид фактот што начелото на доверливост е издигнато на нај високо ниво и е набројано како прво начело меѓу начелата при контролата на квалитет, како и водејќи сметка за заштитата на доверливоста на даночната постапка и сите импликации кои би настанале со објавување на информација од ваков вид согласно Правилникот, Управниот одбор реши како во диспозитивот на точка III од ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Драган Димитров**
**Претседател на ИОРРМ**

Доставено до:

- Подносителот
- Архива ИОРРМ
- Агенцијата